Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-4644/5 од 15.11.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 42-та седница одржана на 15.11.2024 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година, бр.0501-248/1 од 12.01.2024 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 168.546.961,00 денар.

2. Со ребалансот од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 371.000,00 денари, наменети за:

- Зголемување на средства за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата, во износ од 300.000,00 денари и
- Зголемување на средства потребни за склучување на договор за јавна набавка на услуга – интернет конекција со хостирање на постојните интернет страници на Агенцијата во износ од 71.000,00 денари

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со измена на следните позиции:
   - Групната ставка **401 – Потрошена енергија** се намалува за 300.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 10.000.000,00 денари, изнесува 9.700.000,00 денари.
   - Позицијата **401000 – Потрошена електрична енергија** се намалува за 300.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 9.000.000,00 денари, изнесува 8.700.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на стока – електрична енергија за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка ќе се потрошат средства во понизок износ од планираниот.
   - Групната ставка **414 – Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** се зголемува за 300.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 15.250.000,00 денари, изнесува 15.550.000,00 денари.
   - Позицијата **414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата** се зголемува за 300.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 11.600.000,00 денари, изнесува 11.900.000,00 денари.
   - Групната ставка **418 – Останати други расходи** останува на досегашниот износ од 5.135.000,00 денари и
   - Позицијата **418800 – Други расходи** останува на досегашниот износ од 5.135.000,00 денари, со тоа што дообезбедувањето на средства во износ од 71.000,00 денари се врши во рамки на истата позиција. Од средствата за други трошоци кои се во износ од 300.000,00 денари кои не се искористени, се земаат 71.000,00 денари и истите се пренаменуваат за склучување на договор за јавна набавка - интернет конекција со хостирање на постојните интернет страници на Агенцијата.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

# О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2024 година, со цел да се зголемат финансиските средства наменети за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата, во износ од 300.000,00 денари и за склучување на договор за јавна набавка на услуга – интернет конекција со хостирање на постојните интернет страници на Агенцијата во износ од 71.000,00 денари. За да се обезбедат 371.000,00 денари, се изврши измена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година и тоа: Групната ставка **401 – Потрошена енергија** се намали за 300.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 10.000.000,00 денари, изнесува 9.700.000,00 денари. Позицијата **401000 – Потрошена електрична енергија** се намали за 300.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 9.000.000,00 денари, изнесува 8.700.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на стока – електрична енергија за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка ќе се потрошат средства во понизок износ од планираниот. Групната ставка **414 – Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** се зголеми за 300.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 15.250.000,00 денари, изнесува 15.550.000,00 денари. Позицијата **414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата** се зголеми за 300.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 15.250.000,00 денари, истата изнесува 15.550.000,00 денари. Групната ставка **418 – Останати други расходи** останува на сегашниот износ од 5.135.000,00 денари и Позицијата **418800 – Други расходи** останува на досегашниот износ од 5.135.000,00 денарии, со тоа што дообезбедувањето на средства во износ од 71.000,00 денари се ивршил во рамки на истата позиција. Од средствата за други трошоци кои се во износ од 300.000,00 денари кои не се искористени, се земаа 71.000,00 денари и истите се пренаменија за склучување на договор за јавна набавка на услуга - интернет конекција со хостирање на постојните интернет страници на Агенцијата.

Имено, со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2024 година, вкупните планирани расходи според планот остануваат на претходно утврденото ниво, односно истите изнесуваат 168.546.961,00 денар.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-4644/5 од 15.11.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 42-та седница одржана на 15.11.2024 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

________________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки и
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архива.